**Проект: „Фасадата држи, темелите тонат... на институциите“**

**Предмет:** Соопштение за медиуми

Почитувани,

Проект

**ФАСАДАТА ДРЖИ, ТЕМЕЛИТЕ ТОНАТ**

Имплементација

АГТИС

ПРИЛЕП

МКЦ

Младински Културен Центар - Битола

Финансиски поддржан од

National Endowment for Democracy

Supporting freedom around the world



**Дали станавме ОСД држава?**

Општествено структуиран дефект (ОСД) е традициски начин на размислување, каде народот ги правда и рационализира актуелните негативни појави, настани и однесување и ги прифаќа како позитивни, подносливи или барем „не полоши од порано“.

ОСД синдромот се активира при голем колективен стрес и когнитивна дисонанца. Традициски гледано, Македонија обилувала со вакви ОСД појави во минатото и на таа поента паразитираат политичките партии, кои создаваат нови ОСД содржини.

Жртвата од тоа е јавниот морал, етика и естетика.

ОСД е карактеристика на преддемократските држави.

**Чест ни е да Ве информираме за почетокот на јавните аспекти на Проект:** „Фасадата држи, темелите тонат...на институциите“ цели кон промовирање предвидливост, пресметливост и транспарентност на владата и владините институции, или: добро владеење.

Воспоставениот систем „од многу реформи на институциите да не се гледа нивната залудност“ е на умирање. Така, низ овој проект ние сакаме да пласираме анкетна слика за состојбата на институциите и довербата во нив, за да поттикнеме јавна дебата за ваквата состојба, нешто што е многу пати пробано досега, но без потребната методологија. Овој проект нуди таква рамка наречена „**О**пштествен **К**апитал“ (јавни договори, кои се над сите други парцијални интереси). Засега ние имаме само две ставки на ОК тоа се ЕУ и НАТО, а и двете се силно „нападнати“ со теории на заговор, кои се повторно ОСД. Факт е дека земја без ОК не може да се развива, државата ќе се дезинтегрира, а јавниот морал и поредок ќе престанат да постојат. За тоа да не се случи потребен е јавен договор (ОК) за партиско **откажување од манипулација преку ОСД**. Договорот од Пржино требаше да биде точно тоа.

**Во секојдневието ОСД** (во чист вид) ќе го препознаеме низ скоро народните: „И ти да беше така ќе правеше“, „тие да не беа поарни“, „не краде – се снаоѓа“, „сите се исти“, „види ти паметно копиле“, „краде, но на функција си е“, „секој ја користи функцијата“, „ако крадат, ама и на народот даваат“, „ами вие што правевте во ваше време“, „таква ни била судбината“, „к’сметот ни е таков“, „сите не мразат“, „сите работат против нас“... Политиката знае за механизмот на ОСД. Има и многу пософистицирани политички обработки на овој синдром, а објаснувањето би не одвело во антропологијата.

Основно е дека ОСД, посебно ако е поддржан од медиумите е рушител на јавниот морал. **Институциите, ако се здрави, многу лесно го компресираат и елиминираат ОСД низсистемот на компетентност и стручност и мерит систем нанапредување во кариерата. Експертите се резистентни нажелбите на властите!!! Заради тоа политиката нив не гисака, ниту во своите редови, ниту на раководни места.**



Запознавањето на јавноста што е тоа ОСД и како се инструментализира од политиката, ќе ги одврати партиите да го користат за збунување на граѓаните и руинирање на јавниот морал.

Проектните активности, преку кои мислиме да помогнеме во оваа задача се **анкета за граѓанското познавање на надлежностите и** довербата во институциите, **поголем број комични ТВ спотови**, **јавни панели и ТВ емисии**, **НВО дебати** за нашата вина во оваа ситуација (нели потрошивме големи пари за граѓанска едукација, а ефектите се минорни?).

Прва фаза од проектот е запознавањето на јавноста со предложената методологија, па ако мислите дека вреди, Ве молиме за внимание и медиски простор.

**Проектен тим на АГТИС** **048 432 432 , 075 288 636** **www.agtis.org.mk**